Дневник, 8.5.1997, 340, 9



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# „Memento mori" - инсталации од Искра Димитрова



Во скривниците на Музејот на современата уметност вечерва од 21 до 23 часот ќе биде отворена поставката на инсталации од Искра Димитрова. Проектот го сочинуваат три меѓусебно поврзани инсталации, кои формираат единствен амбиент наречен „Memento mori".

„Проектот „Memento mori" (Спомни си за смртта - средновековни карневали организирани со цел да се потсетат луѓето на постоењето на смртта) е еден вид просторно впишување на идејата за смртта. Сè е во функција на таа идеја: напуштањето на изложбените простории на музејот; изолираната позиција на просторот во подрумскиот дел; скалите по кои се симнуваме; недостапноста на природната светлина; звучна изолираност; издвоеност, темница... како во гробница... Танатаметаморфоза: црна соба со стаклен ковчег во кој е положена одливка од телото на авторката. Одливката е во природна големина, во анфас и е поставена во густа, црна течност... Bridal chamber (Невестинска соба): во воздушеста, нереална атмосфера лебди бела одливка, која со својата бестежинска состојба нè повлекува кон нашата желба за поинакво доживување на смртта. Remains (Остаток): соба во чиј агол пулсира згрченото тело на двојникот... раѓањето е само еден вид на смртта или, можеби, обратно...", пишува во каталогот за изложбата Лилјана Неделковска.

Од „Сарансака" (1991 година), дело во кое ги постави основните насоки на својот ликовен израз, Искра Димитрова досега има реализирано повеќе мултимедијални проекти во земјава и во странство: Скопје - Уметничка галерија, Чифте амам, Музеј на современа уметност; Медисон, САД; Загреб; Софија - интернационален фестивал „Уметноста како ритуал, ритуалот како уметност; Манчестер, Англија - интернационална ликовна колонија; Марибор - интернационално триенале „Natura mortua" итн.

Поставката „Memento mori" ќе биде отворена до деветти јуни.

(З.Л.)